НАУМЕ РАДИЧЕВСКИ (Скопје)

# РАДОВАН ЗОГОВИЌ И МАКЕДОНИЈА

Революционарниот и творечкиот пат на црногорскиот поет, есеист, раскажувач и романсиер *Радован Зоговиќ* (1907—1986) во периодот меѓу двете светски војни е поврзан и со Македонија. Таа поврзаност најпрво е во врска со неговото школување во Тетово и во Скопје, а потоа во врска со неговата илегална комунистичка и литературна дејност. Неговата револуционарна и литературна дејност во рамките на социјалната литература, како и неговите односи со Кочо Рацин и други македонски револуционери и писатели, се, главно, познати. Спортивно, пак, на тоа, во науката малку е пишувано за влијанието на македонското работничко движење врз поезијата на Зоговиќ и за мотивите кои се во врска со тоа движење и со Македонија воопшто во неговото книжевно дело во периодот меѓу двете светски војни, како и во повоениот период.

*

При крајот на 20-тите години, исклучен од гимназијата во Пеќ, гимназиското образование (осми клас) Радован Зоговиќ ќе го доврши во Тетово, а потоа, во есента 1929 година, ќе се запише на Филозофскиот факултет во Скопје, каде студира југословенска литература.[1] Набрзо, заедно уште со еден другар (со Љубомир Добричанин[2]), во Скопје ќе го уреди и објави алманахот „1930. на Југу",[3] во кој се наоѓаат и пет негови песни и еден

[1] Р. З., „Био-библиографска Биљешка", Во: Радован Зоговић, „Лично, сасвим лично", Просвета, Београд 1971, стр. 131.

[2] Б. Јокић, „Почеци и зријевања". Разговор са Радованом Зоговићем", „Овдје", год. XIV, бр. 153, Титоград, фебруар 1982, стр. 11.

[3] „1930. на Југу". Алманах. Одговорни уредник: Рад. Зоговић. Насловни лист илустрово г. Никола Мартин, акад. сликар. Скопље, Штампарија и Књиговезница „Јужна Србија".

театарски приказ.[4] Овде тој одржува блиски и плодни контакти со Кочо Рацин, со кого, по неговото префрлување од Велес во Скопје, живееле како состанари и размножувале и растурале илегална литература. Покрај револуционарната дејност, за време на неговите студии во Скопје, Зоговиќ зема учество и во литературниот и културниот живот во Скопје, па и во Македонија пошироко. Забележливо е неговото учество на литературната вечер во 1933 година во Велес, со К. Рацин, Д. Лековиќ, В. Кукаљ и други, за која пишува во своите сеќавања за Рацина.[5]

По дипломирањето во јули 1933 година, откако министерот за просвета му ја одбива молбата за работа, Р. Зоговиќ работи како коректор во Скопје и за тоа време со Рацин го умножува илегалниот партиски весник „Искра". По провалата на почетокот на март 1934 година, е отпуштен од работа, казнат со еден месец затвор и протеран во неговото родно место. Сепак, есента истата година ќе биде вратен во Скопје, и тоа како професор во гимназијата. Но, само до полугодието од учебната 1934/1935 година, бидејќи сега по казна е преместен во Заечар. Иако неговиот натамошен револуционерен и книжевен пат го води надвор од Македонија, дотогашните престојувања на Зоговиќ во Македонија, сепак, оставиле забележливи траги главно во неговото книжевно дело од раниот, односно о предвоениот период.

*

Со доаѓањето во Скопје, каде има можности да се запознае со марксистичката литература,[6] односно со неговиот „прв пореален допир со работничкото движење во Македонија",[7] во поезијата на тогаш младиот црногорски поет Радован Зоговиќ се јавува забележлив пресврт. За време на неколкуте години од неговиот престој во Скопје, македонската стварност доста влијаела врз неговата поезија. Во своите песни сега тој ќе говори за социјалната стварност на големиот работнички град и ќе реплицира против политичките и социјалните неправди. Меѓутоа, поаналитичкото разгледување на неговата поезија од овој период е скоро сосема оневозможено поради тоа што од неа е многу

[4] Со поетски творби во алманахот се застапени уште и: Светислав М. Максимовиќ, Сава Марковиќ Штедимлија, Велимир Парлиќ, Јанко Ѓоновиќ, Живојин Петровиќ, Љубомир М. Добричанин, Бранислав Л Лазаревиќ, Добривоје С. Каписазовиќ (со псевдоним Венијамин) и Јован Костиќ (Костовски). Под заедничкиот наслов „Књижевна 1930 на Југу" (стр. 33—40), покрај театарскиот приказ на Зоговиќ, објавени се уште три прикази на Велимир Парлиќ и еден приказ на Љубомир Добричанин.

[5] Р. Зоговиќ, „Сеќавање за литературната вечер во Велес со увод и додаток". Во: „Кочо Рацин во спомените на современиците", Избор и редакција Перо А. Коробар, Култура, Скопје 1972, стр. 60—78.

[6] В. Калезић, „Поезија Радована Зоговића". Во: Радован Зоговић, „Жилама за камен", избор, предговор и поговор Василије Калезић, Графички завод, Титоград 1969, стр. 13.

[7] Р. Зоговић, „Пркосне строфе" („Напомене"), Култура, Београд 1947, стр. 181.

малку сочувано. Причина за тоа се илегалната дејност, честите прогони и апсења, цензурата итн. Така, не е сочуван и расказот што го читал на литературната вечер во Велес во 1933 година.[8]

Најраните сочувани песни на Зоговиќ кои се пишувани во Скопје, се петте песни од алманахот „1930. на Југу". Три од нив му припаѓаат на циклусот или на некоја друга поголема целина, со наслов „Засунчале сјенке". Тоа се две безнасловни песни: „Вриснула порођајно, крваво зора у димњаку црном фабрике" и „Руке, тамнолики крикови, расплети у мојим зјенама", како и песната со наслов „На улици". Другите две песни се „Робијаши" и безнасловната „Срце сам своје најео у ноћи...". Се издвојува втората од овие песни, „Руке, тамнолики крикови, распети у мојим зјенама". Нејзината понова варијанта со наслов „Руке због којих патим" авторот ја објави на почетокот на својот избор „Пркосне строфе" (1947). Како што се искажува самиот тој, оваа песна „означува извесен преломен момент" во неговата најрана поезија.[9] Во нека е забележлива пред сè целосната свртеност кон социјално-револуционерниот израз:

О, руке крваве, патничке, очинске, радничке, руке
разнесене животом, као гавраном:
по друмовима, по плочницима, по булеварима,
по рудокопима, по орањима, подно димњацима,
по морима, по свјетовима, над свјетовима...[10]

Присуство на Македонија во поезијата на Р. Зоговиќ од овој период, односно во спомнативе песни, не може да се забележи ниту преку поетските слики и мотиви, ниту во поетската синтакса. Може да се рече дека во овие песни Македонија, односно Скопје е присутно во контекстот кој се однесува на целата меѓувоена југословенска стварност. Самото тоа, пак, што се настанати во Скопје и што овој град на поетот му е тогаш единствена позната поголема градска и работничка средина, не наведува на размислување дека првенствено овој град и животот во него се во основата на инспирациите на Зоговиќ од тој период. Таквото опфаќање, пак, на цела Југославија е тогашниот можеби најдоминантен стремеж на поетот.

Освен во песните од алманахот „1930. на Југу", тоа се гледа уште и во песната „Дух једнога града" (1936), која, меѓу другото, асоцира и на Скопје. Тоа е единствената сочувана песна од првата поетска збирка на Р. Зоговиќ, „20 пјесама", која останала необјавена. Истата била поместена и во запленетата и уште во печатницата уништена збирка „Песница" (Бања Лука, 1936), ка-

[8] Р. Зоговиќ, „Сеќавање ...", стр. 69.
[9] Исто.
[10] „1930. на Југу". Алманах, стр. 16.

ко и во збирката „Пламени голубови" (Загреб, 1937).[11] „Дух једнога града" е, всушност, како што забележува самиот автор, „алегорија за експлоатацијата на земјите на Југославија од страна на великосрпската буржоазија, за Белград од кого таа дејствувала како од своја централа".[12] Потврда на тоа, меѓу другото, се и следниве стихови:

Знојава, пуста провинција спава.
Газе металне ноге кроз откосе, воћњаке и њиве,
и бије челично срце, и свака жила, златнога сока пуна,
звони у славу вишњег и пјева оловна глава,
зру и падају модре загорске шљиве,
руни се, као згажена вилица, метохиског пасуља махуна,
и сипље бијеле зубе, —
сиве се и шуме вардарска поља мака. . .[13]

Како и погоре цитираниве стихови, песните на Р. Зоговиќ од неговиот скопски период се показателни и за она што е суштествено за неговата поезија воопшто. Имено, веќе во нив може да се види потврда на многу подоцнежната констатација на Р. Таутовиќ дека „лирскиот монолог на Зоговиќ, неретко, преоѓа во драматски дијалог, па и во полемички спор со имагинарните сили или со вистинските соговорници".[14] Па тие негови специфични и токму за него својствени драматски дијалози и полемизирања низ стиховите, се посебно специфични за неговата поезија од меѓувоениот период. Како и во поезијата од периодот на НОВ, овде тие се позабележливи, подиректни, поотворени. Во неговата нова поезија, пак, настанувана во 50-тите, 60-тите години и подоцна, токму тој лирски монолог што прераснува во драматски дијалог, добива доминантно место. Но, тоа не е само лирски, туку и асоцијативен, и рефлексивен монолошко-дијалошки израз на поетот.

Во врска со инспирацијата од македонската социјално-револуционарна стварност и од македонското поднебје, посебно внимание привлекуваат неколку песни од втората поетска книга на Р. Зоговиќ, „Пламени голубови" (1937).[15] Тоа се песните „Ноћ на Вардару", „Подне на Вардару" и „Свјежи вијенци" (подоцна преобјавувана со наслов „Свјежи вијенци на гробовима њемачких војника у Македонији"). Песната „Ноћ на Вардару" не е преобјавена во поновите и подостапни изданија на поезијата на Зоговиќ, поради што ни беше засега и недостапна. Во стиховите,

[11] Во „Пркосне строфе" (1947) песната е објавена под наслов „Езоповска пјесм о духу једнога града", а во изборот „Жилама за камен", подготвен од В. Калезиќ (1969) под стариот наслов.

[12] Р. Зоговић, „Пркосне строфе" („Напомене"), стр. 182.

[13] Исто, стр. 11.

[14] Р. Таутовић, „Прилог за портрет пјесника", „Стварање", год. XLI, бр. 3. март 1986, стр. 321.

[15] Р. Зоговић, „Пламени голубови", Наклада „Нова књига", Загреб 1927.

пак, од песната „Подне на Вардару", е уште повеќе видлива погоре истакнатата констатација на Р. Таутовиќ во врска со преоѓањето на лирскиот монолог во драматски дијалог. Имено, се работи за една „пародија на великосрпската аргументација за Македонија",[16] и во неа поетот говори:

Данас се на тргу, у сунцу, топе печати старих повеља
и језиком црвеним говоре о сили Права и Веза.
Данас је крв ушла у дрвене птице старих дрвореза,
и птице се врте, и поју на грамофону ослободитеља.

Новине пјевају с дућана, ко птице веселе са грана.
О, град се ко лабуд купа у густом сунчаном извору!
А Вардар, ријека српска, под мостом цара Душана,
испира клозете, носећи Јегејском Мору...[17]

Песната „Свјежи вијенци на гробовима њемачких војника у Македонији",[18] Р. Зоговиќ ја напишал како протест кон свеченоста при реновирањето на германските воени гробишта во Скопје, кога на реновираните гробови биле полагани Хитлерови и Герингови венци. Тоа се стихови в окои не само што се говори за ужасите на една тогаш веќе поминатата, но не и заборавена воена катаклизма, туку и стихови во кои жолчно и саркастично се протестира против чинот на реновирањето на германските воени гробишта и во кои се наслутува една уште пострашна воена катаклизма. Тој гнев и протест е изразен преку „говорот" на мртвите германски војници:

Трунули смо по лагунама, на степама — подбухли
дављеници,
и голи, мртво голи, великих надутих трбуха.
Пси су нам и вуци, на степама македонским појели мршаве
руке

По пољима македонским, по лагунама, на жицама:
лобање, распети лешеви, шљемови, вреће набухлог меса,
патрљци,
костури.
— Избаци груди, увуци трбух, рука — поздрав![19]

Имиња на места од Македонија и други македонски поими веројатно можат да се сретнат уште во некои песни од ангажираната, бунтовна, социјално-револуционарна поезија на Р. Зоговиќ од периодот на крајот на 20-тите и првата половина на

[16] Р. Зоговић, „Пркосне строфе" („Напомене"), стр. 185.
[17] Исто, стр. 81.
[18] За првпат е објавена есента 1934 година во весникот „Зета".
[19] Р. Зоговић, „Пркосне строфе", стр. 71.

30-тите години, објавувана во разни публикации и во голем дел пропадната или не достапна. Забележливо е што со Македонија се поврзани уште и некои критичко-есеистички текстови на Зоговиќ од овој период. Тоа се, најпрво, оние кои се однесуваат на литературниот и културниот живот во Скопје.[20] Најзабележлив е текстот „Један јужно-србијански пјесник из Скопља",[21] кој на почетокот има и една белетристичка нота. Тоа е еден вид полемичка репортажа, а се однесува на македонскиот поет од периодот меѓу двете светски војни Цеко Стефанов, инаку една од најконтраверзните личности на македонската култура и на комунистичкото движење во Македонија во тој период. Зоговиќ најпрво настојува да го наслика него како бескарактерна личност, а после, преку примери од неговата поема „Мата Теглач", ќе го окарактеризира и како плагијатор. Во овие и во слични на нив трудови од периодот на 30-тите години, Зоговиќ се покажува како познавач и на македонското минато, етнологија и фолклор. Тоа се забележува во неговите „Три чланка о српском епосу".[22]

*

Македонија не е воопшто неприсутна ни во скромното по обем литературно творештво на Радован Зоговиќ настанувано во водините на НОВ и Револуцијата. Како и во случајот на други југословенски писатели, Македонија и македонскиот народ во ова време Зоговиќ ги спомнува кога станува збор првенствено за заедништвото на југословенските народи за време на НОВ. Во таа смисла се интересни најпрво неколку негови статии од литературен, публицистички, политички и друг карактер, настанувани во текот на овој период.[23] Во нив тој ја истакнува борбата на македонскиот народ, на македонската народноослободителна војска заедно со народноослободителната војска на другите југословенски народи, нивното заедништво во новата државна заедница што се формира, загинувањето на К. Рацин како една од големите загуби за југословенската литература итн.

Меѓу другите југословенски земји, Македонија не е заборавена и во поезијата на Р. Зоговиќ од тоа време. Тоа е изразено

[20] Тоа се текстови како: „Пријатељи културе на нашем Југу", НИН, год. I (1935), бр. 11 (8. мај), стр. 6; „Варијанте једне поанте", „Наша стварност", јануар—фебруар 1937 и други.

[21] Р. Зоговић, „Један јужно-србијански пјесник из Скопља", „Зета", год. IV (1933), 31, 3; 32, 3; 33, 4; 24, 3.

[22] R. Zogović, »Tri članka o srpskom eposu«, Naša stvarnost, Beograd 1937.

[23] Тоа се статините: „Браниоци и градитељи домовине", реферат при свеченото отворање на обновениот дом на културата во Јајце во октомври 1943 година; „Маргиналија о нашој штампи данас" (1943); „За мач и за перо" (1944), па дури и во „Данунцијевске авети над Италијом" (1944), „Препорађање Бугарске" (1944) и др.

во подоцнежните (во повоените) изданија на неговата поема „Пјесма о биографији друга Тита", која е настатана во октомври 1943, а при крајот на таа и во текот на следната година доживеа повеќе изданија. Низ своите стихови таа го содржи одговорот упатен до непријателите на нашите народи, односно одговорот на нивните лаги за личноста и за биографијата на другарот Тито. Составена најпрво од пет песни, подоцна е дополнета уште со две, а тоа се четвртата и шестата песна од дополнетата варијанта на поемата[24]. Имено, во четвртата песна се спомнува и еден македонски град, со што и Македонија е ставена под обединувачкиот поим „земље наше".

Ти трагаш по тексту лажи. —
Титове анкетне листине,
то су земље наше,
с рубрикама ријека
од Соче ка Струмици.[25]

*

Интересирањата на Радован Зоговиќ за Македонија во првите повоени години, исто како и во текот на војната, покрај оваа илустрација од неговата поезија, ги потврдуваат и ред маргиналии од неговите публицистички текстови од тој период. Тоа е особено показателно во статијата „Глајхшалтовани провокатори" (1945), во која зборува за великобугарските истапи наспроти Македонија во тоа време, како и во неговиот толку оспоруван реферат „О нашој књижевности, њеном положају и њеним задацима данас" (1946), каде во вториот дел Рацина го спомнува како жртва на Револуцијата, но спомнува и уште неколкумина други македонски писатели.

Маргинални сеќавања за Македонија се забележуваат и во повоената поезија на Р. Зоговиќ. Ги сретнуваме, најпрво, во неколку песни од книгата „Артикулисана ријеч" (1965), поезија настанувана најмногу во текот на 50-тите и во првата половина на 60-тите години. Во песната „Сентиментално путовање", напишана по патувањето на поетот на Конгресот на Комунистичката партија на Индија во февруари 1948 година во Карачи, една строфа им е посветена и на борците на ЕЛАС во Егејска Македонија.

И с окна у лету, брисаног прамењем од магле и од кише,
зажељех да борцима твојим, у присоји пиндској, Елас,

---

[24] Ги споредуваме следниве изданија: Radovan Zogović, »Pjesma o biografiji druga Tita« (1944), Izdao Prop. odio Oblasnog Narodno-oslobodilačkog Odbora Dalmacije и: Радован Зоговић, „Пјесма о биографији друга Тита", „Пркосне строфе", стр. 161—177.

[25] Р. Зоговић, „Пркосне строфе", стр. 169.

уморним од ноћи и битке, строфу Мајаковскога сигналишем,
сигналишем поздрав, опрезност, кладенац и пријелаз.[26]

Во песната, пак, „Црта испод младости" (1947—1951), поетот се потсетува на „првиот студентски алманах",[27] а тоа е понапред спомнуваниот „1930. на Југу". Во „Сонет II" (1961), пак, спомнува некакви „Скопске тополе кажипрстне".[28] Овие илустрации покажуваат дека спомените на Македонија се, и во овој период, сепак, сѐ уште живи во инспиративната свест на поетот.

До крајот на животот, односно во текот на 70-тите и 80-тите години, Р. Зоговиќ објави уште четири книги поезија: „Лично, сасвим лично" (1971), „Књажеска канцеларија" (1976), „Повремено заувијек" (1985) и „Супрет за сјутра" (1985). „Повремено заувијек" е збирка која е составена од поезија што беше веќе објавувана во неговите претходни книги. Тоа е еден вид (тематски) избор од неговата интимна лирика, односно од неговите песни со љубовна тематика. Тоа се песни кои се сретнуваат уште во „Пркосне строфе" (циклусот „Фрагменти о љубави"), како и во другите книги се до „Супрет за сјутра". Дванаест песни на вакви мотиви, како циклус со наслов „Повремено заувијек", беа објавени во изборот „Жилама за камен" (1969). Другите три книги се продолжение на поетските трагања, на Зоговиќ, а се надоврзнуваат пред сѐ на неговите преокупации од „Артикулисана ријеч". Сеќавањата за неговиот неколкугодишен престој во Македонија (1929—1934) сега се скоро сосема избледени или згуснати, инкорпорирани во општата, главно поетско-филозофска размисла за животот, за општествено-политичката, социјалната и културната стварност итд., па оттука и скоро недофатливи за читателот. Сепак, и во однос на овој дел од животот, поетот веројатно малку се подотвара во неколку песни. Имено, на крајот на песната за Че Гевара, „Че, куд год погледа" (1970), пеејќи за својата студентска младост, која, како што знамене, ја помина во Скопје, тој вели:

Враћа се младост, она студентска — да ме не пусти
рђи збиље,
да умрем млад, да руке не скрстим чак ни мртав.[29]

Во песната, пак, „Бојажљива напомена", во која зоговиќевски се реплицира со авангардните струења во современата поезија, освен на идеите на југословенските марксистички и револуционерни теоретичари и публицисти како Отокар Кершовани, Огњен Прица и Стефан Митровиќ поетот се повикува и на Коста Рацин, па вели:

---

[26] Р. Зоговић, „Артикулисана ријеч", Просвета, Београд 1965, стр. 34.
[27] Исто, стр. 36.
[28] Исто, стр. 97.
[29] Р. Зоговић, „Лично, сасвим лично", Просвета, Београд 1971, стр. 26.

Чак би и Рацин братанцу авангардцу: Париза, велиш?
Ког Париза?
Не кројиш ти нове објекте. То *одande* тебе кроје![29a]

Додека во „Књажеска канцеларија", поезија создавана според документи од периодот на владеењето на Милош Обреновиќ, само се спомнуваат некои историски личности на Македонци кои во тоа време живееле и дејствувале во Србија (Михалио Герман, Ичко), во поезијата од „Супрет за сјутра" нема никакви индикации во прилог на нашево разгледување на делото на Зоговиќ.

Иако во својата раскажувачка проза Радован Зоговиќ е тематски лоциран најмногу на човекот и на животот од неговиот роден крај, на црногорските краишта пошироко, како и на Белград, на личности од редовите на комунистите, револуционерите, интелектуалците, на нивните животни и револуционарни патишта и преобразби во периодот пред, за време и по НОВ, сепак, годините што ги поминал во Македонија (во Скопје), извесен одраз нашле и овде. Во „Очеви и освете — прва хроника Вељка Остојића", бездруго, еден од неговите најубави раскази, неговиот јунак и наратор Вељко Остојиќ, напреден студент (веројатно во Белград), инаку од крајот на авторот, од говорнот тек на Лим, не ја прифаќа задачата што му ја доверува професорот по археологија, една странска делегација да води во скоро формираниот археолошки музеј во Скопје.[30] Зошто? Тоа прашање е поставено во увертирата кон расказот, всушност, цела повест, заедно со селданите два расказа или хроники за Вељко Остојиќ. Понатаму, при крајот на расказот, кога ќе се дојде и до одговорот, се дава опис на Куршумли Ан, стара турска градба во Скопје, во која во меѓувоениот период бил сместен археолошкиот музеј.[31] Одбивањето на Остојиќ, кое поцелосно се разјаснува дури сега, е мотивирано од тоа што во таа градба, поранешен турски затвор, седум години робувал неговиот вујко Вукосав Радомилиќ, еден од јунаците во расказот.

Во Скопје целосно се одвива дејството на расказот „Ожиљак".[32] Главниот, инаку неименуван, лик и наратор во расказот зборува за неговото школување во скопската медреса и за вработувањето во градот по нејзиното завршување, но не вработување како муслимански свештеник. Работејќи право истовремено, тој соработува со скопските комунисти, па така ќе се најде и во затвор. Скоро целиот расказ, всушност, е посветен на животот во затворот, односно на луѓето што се сместени во истата просторија со него, главно ситни престапници. Иако без поголеми естетски вредности, овој расказ е за нас значаен како еден

[29a] Исто, стр. 70.
[30] Р. Зоговић, „Пејзажи и нешто се дешава", Просвета, Београд 1968, стр. 9.
[31] Исто, стр. 35—37.
[32] Исто, стр. 328—345.

исечок од реалистичкото платно на меѓувоено Скопје и на Македонија пошироко.

Маргинални, скоро незабележливи белешки во врска со Македонија се сретнуваат уште и во расказите „Ослобођење личности" од книгата „Пејзажи и нешто се дешава", како и во „Савјест", „Ослобођење Драгољуба Плаовића", „Нераздвојни" и, посебно, во „Боса мајка на слани", сите од книгата „Ноћ и пола вијека" (1978). Меѓувоениот комунист и револуционер Шуњевиќ, главниот јунак од расказот „Боса мајка на слани", две години работел, претходно (т. е. реминисценциите за ова се вметанти во главниот дел од расказот, кој е посветен на крајот од неговиот живот, на почеткот на војната, кога настојува да дојде во родниот дом) како учител во некое недостапно село меѓу Скопје и Велес, познато како село што било целосно комунистички ориентирано,[33] а поради неговото зближување со целото „антидржавно село", бил отпуштен од работа. Забележливо е она што само во неколку редови авторот го пишува за ова село, односно само за односот на властите, на жандармеријата, кон неговите жители. Кон овие би го додале уште и расказот „Недоплетена врша", кој за прпат е објавен по објавувањето на двете книги раскази на Зоговиќ, во „Форум" во 1979 година, а потврда на присуството на Македонија во творечката свест на овој автор е и фактот што името на еден македонски град (Кичево) го спомнува дури и во неговиот роман „Кожух с пола рукава".[34]

*

Односите меѓу Радован Зоговиќ и Коста Рацин се интересно поглавје во проучувањата на живот и дејноста и на двајцата автори во периодот меѓу двете светски војни. Овде веќе ги истакнавме повеќето присетувања и спомнувања на Зоговиќ за Рацина, најмногу во есеистички и слични на нив текстови од периодот на НОВ и од првите години по неа. Ќе додадеме дека, по цели три децении од Рациновата смрт, односно во периодот кога се настанати и последните цитирани стихови, во кои се присетува на Рацина и на неговите естетички погледи, за нивната заедничка активност и другарување, Зоговиќ исцрпно се искажува во својот мемоарски текст „Сеќавање за литературната вечер во Велес со увод и додаток",[35] во кој не се отсутни ни

[33] Р. Зоговић, „Ноћ и пола вијека"Матица српска, Нови Сад 1978, стр. 246—247

[34] R. Zogović, »Kožuh s pola rukava«, Narodna knjiga, Beograd 1985, str. 24.

[35] Текстот е објавен на македонски јазик во зборникот „Кочо Рацин во спомените на современиците" (види фуснота бр. 5), а после и на српскохрватски јазик во „Летопис Матице српске", год. 149, књ. 411, св. 3, март 1973, стр. 255—274, со наслов: „О Кости Рацину и једном књижевном вечеру".

некои белетристички црти. Како што зборува и насловот, текстот, всушност, не се однесува само на литературната вечер во Велес, туку на нивното познанство воопшто, од запознавањето во есента 1931 година, кога Рацин беше веќе добро познат во југословенското комунистичко движење, како и во југословенската прогресивна јавност и литература не само со својата револуционарна дејност, туку и со објавуваните прилози во напредните публикации, па сè до нивната последна средба во април 1941 година.

Радован Зоговиќ е еден од оние автори кои најдобро го познаваа Рацина и кој можеше најмногу да каже за оваа исклучителна личност во поновата историја на македонскиот народ. Имено, ни во ова најопсецно негово искажување за Рацина, ни во други искажувања, главно во некои интервјуа, тој не зборува повеќе, не зборува доволно за други, подоцнежни моменти од нивните контакти, а посебно, воопшто не зборува за нивното белградско пријателствување во текот на 1938 и 1939 година. Пред да зборува за нивната последна средба, Зоговиќ ги спомнува своите „напразни обиди" да му биде на Рацин симнат бојкотот од страна на партиското раководство на Македонија. Ова го завршува со зборовите дека „...за овие етапи, настани, страдања, кршења, пресвртни ситуации во Рациновиот живот и во Рациновата работа б итребало посебно да се пишува, се разбира поопширно и потрагично."[36] Заради сето тоа, од Зоговиќ со право се очекуваше да каже многу повеќе за Рацина.

•

Не можеме а да не речеме дека ова разгледување на мотивите од Македоније во литературното дело на Радован Зоговиќ е навистина фрагментарно. Применето врз делото на еден „поет на автентичен пркос и израз", поет кој оствари „творечки однос, пропорција меѓу актуелните општествени содржини на делото и неговите естетски димензии",[37] тоа станува уште помаргинално. Но, сепак, и ова разгледување на одразот на работничкото движење во Македонија врз неговата меѓувоена поезија, како и на неговите инспирации од Македонија пошироко, дава можност да констатирамо дека тој е најинтересниот претставник на црногорската литература и култура од меѓувоениот и воениот период кој е во врска со македонската литература и култура, како и во врска со општествено-историските движења во Македонија во тоа време.

---

36 Исто, стр. 77.

37 М. Стојовић, „Радован Зоговић као приповиједач". Во: Радован Зоговић, „Приповијетке", НИО „Побједа", Титоград 1985, стр. 8.

Naume Radičevski

# RADOVAN ZOGOVIĆ AND MACEDONIA

(S u m m a r y)

A revolutionary and literary life of a Montenegrin poet Radovan Zogović (1907—1986) in the period between the two world wars is also connected with Macedonia. First, he was educated in Tetovo and Skopje. Then he took part in an illegal work of the Communist Party and his literary activity was important as well. His revolutionary and literary activity within the frames of social literature, and his relationships with K. Racin and other Macedonian revolutionaries and writers, has been well known. On the other side, little has been said in science about the influence of the Macedonian workers'movement on Zogović's poetry as well as about the motifs of that movement and Macedonia in general in his literary creation between the two wars. A greater attention has been paid to that in this paper.

The motifs from Macedonia of these times present in the poems of Radovan Zogović cannot be always easily noticed. He often tells about the life of the great workers' movement. It probably refers to Skopje, seen in a similar way by other poets of those times. In his verses Zogović fights against social and political injustice. We are mainly interested in his poems printed in the almanac »1930. na Jugu«, as well in some of his poems included in his first books: »20 pjesama«, »Pesmica«, and »Plameni golubovi«. Some of them are: »Duh jednoga grada« (»The spirit of a town«), »Noć na Vardaru« (»A night on the Vardar«), »Podne na Vardaru« (»An Afteenooon on the Vardar«), »Svježi vijenci« (»Fresh Wreathes«) and similar. They all reflect social conditions of Macedonia in the period between the two wars, and the poet's revolutionary attitude in trying to change the situation in Macedonia and the wholle Yugoslavia as well.